ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

ул. Наум Наумовски Борче 83/1
1000 Скопје, Р. Македонија

Тел +389 (0)2 3119 073
Факс +389 (0)2 3290 469
Моб +389 (0)78 252 812
helkom@mhc.org.mk
**www.mhc.org.mk**

CIVICA MOBILITAS

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Хелсиншки комитет за човекови права и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

## МИСИЈА И ВИЗИЈА

Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија е здружение на граѓани регистрирано во 1994 година. Органите на Хелсиншкиот комитет се:

- **Собрание,**
- **Управен одбор,**
- **Претседател,**
- **Надзорен одбор и**
- **Извршна канцеларија.**

Комитетот врши мониторинг на состојбата со човековите права, обезбедува правна помош, соработува со други организации и со државните органи во насока на зголемување на промоцијата, почитувањето и заштитата на човековите права и слободи.

Цел на Комитетот е заштита и унапредување на човековите права и слободи гарантирани со Уставот на РМ, меѓународните инструменти и Завршниот документ од Хелсинки од 1975 година и градење на демократски услови во кои тие можат да се практикуваат врз основа на владеење на правото.

Комитетот поаѓа од тоа дека сите луѓе треба да имаат можност да ги уживаат и практикуваат нивните основни права и слободи и да имаат можност да ги заштитат во случај на нивно прекршување или ограничување. Ова претставува основа на владеењето на правото, човековите права и демократијата.

## БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

**Хелсиншкиот комитет обезбедува правна помош во следниве области:**

- ☑ Заштита од дискриминација
- ☑ Право на живот
- ☑ Заштита од мачење и малтретирање
- ☑ Заштита од неправично лишување од слобода
- ☑ Права од социјална заштита
- ☑ Права на лица со физички, ментални, интелектуални или сетилни нарушувања
- ☑ Еднаквост меѓу мажите и жените
- ☑ Право на вероисповест
- ☑ Слобода на говор и информирање
- ☑ Заштита на личните податоци и приватноста
- ☑ Слобода на здружување и протест
- ☑ Слобода на движење
- ☑ Право на здравствена заштита
- ☑ Права на деца и младинци
- ☑ Право на образование
- ☑ Права на припадници на заедниците
- ☑ Заштита од семејно насилство
- ☑ Право на правично судење во разумен рок
- ☑ Право на азил
- ☑ Права поврзани со изборите

## АКТИВНОСТИ

**Во настојувањето за унапредување и заштита на човековите права и хармонизирање на домашното законодавство и практика со она на Европската унија, Хелсиншкиот комитет:**

- Организира системско набљудување на состојбите со човековите права во земјата;
- Обезбедува бесплатна правна помош и ги штити индивидуалните, колективните и правата на другите правни субјекти на територијата на Република Македонија и пред меѓународни организации;
- Подготвува месечни, годишни и посебни извештаи за состојбата со човековите права;
- Подготвува анализи и други стручни документи поврзани со состојбите со човековите права;
- Организира конференции, семинари, трибини, јавни акции и други законски форми на граѓанска активност;
- Го промовира и помага развојот на демократијата, владеењето на правото и граѓанското општество, и
- Врши други работи од јавен интерес согласно Законот за здруженија на граѓани.

**Хелсиншкиот комитет не обезбедува правна помош во следниве области:**

- ☒ Право на сопственост (освен доколку не е нарушено од страна на државата)
- ☒ Право на вработување и работа (освен во случаи на дискриминација и мобинг)
- ☒ Финансиски обврски (освен при очигледни неправилности или загрозување на социјална заштита)
- ☒ Заштита на семејството (освен при семејно насилство и повреда на правата на детето)
- ☒ Договорни односи помеѓу физички и правни лица (освен кога се нарушени од државата)
- ☒ Авторски права и индустриска сопственост
- ☒ Постапки за стечај
- ☒ Пензиско и инвалидско осигурување (освен при повреди на права од страна на државата)
- ☒ Прекршоци (освен при повреди на права од страна на државата)
- ☒ Права и обврски на политички партии
- ☒ Права и обврски во странски држави
- ☒ Права на ЛГБТИ заедницата

## КАКО ДО БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ?

Хелсиншкиот комитет е овластено здружение за обезбедување на правна помош, запишано во државниот Регистар на даватели на претходна правна помош.

Доколку имате потреба од бесплатна правна помош, можете да се јавите на бесплатниот телефонски број

**0800 44 222**

Доколку по разговорот ви е потребна понатамошна помош, можете да преземете и пополните Барање за бесплатна правна помош преку нашата веб страница – **www.mhc.org.mk**, како и во нашата канцеларија. Заедно со барањето, доставете и копии од сите документи поврзани со Вашиот предмет. Доколку не сте во можност да копирате, тоа ќе го сториме во нашата канцеларија.

По испраќањето на барањето по пошта, електронска пошта, или негово поднесување во нашата канцеларија, ќе Ви биде определен правен советник кој ќе работи на Вашиот предмет. Во зависност од предметот и доколку сте согласни, Хелсиншкиот комитет може да обезбеди советување, поддршка и застапување пред државните органи и информирање на јавноста при потешки повреди на правата.

центар за поддршка
qendër për përkrahje
support centre

ул. Наум Наумовски Борче 83/2
1000 Скопје, Р. Македонија

Тел +389 (0)2 3256 174
Факс +389 (0)2 3290 469
info@lgbti.mk
**www.lgbti.mk**

## МИСИЈА И ВИЗИЈА

ЛГБТИ Центарот за поддршка е основан на 23 октомври, 2012 година, како подружница на Хелсиншкиот комитет за човекови права.

Визијата на ЛГБТИ центарот за поддршка е општество ослободено од дискриминација, во кое сите луѓе ги уживаат универзалните човекови права и слободи без разлика на нивната сексуална ориентација, родов идентитет или која било друга карактеристика.

Мисијата на ЛГБТИ Центарот за поддршка е зајакнување на ЛГБТИ заедницата за самозастапување, како и менување на правниот и социјалниот статус на ЛГБТИ луѓето во Република Македонија.

Вредностите на ЛГБТИ Центарот за поддршка се базираат на разноликоста, еднаквоста и слободата. Во основата на нашето дејствување се втемелени универзалноста, солидарноста и мирот.

## ЗОШТО ПОСТОИ ЛГБТИ ЦЕНТАРОТ

- Поддршка на ЛГБТИ луѓето
- Зацврстување на ЛГБТИ заедницата
- Искоренување на стереотипите и предрасудите во општеството
- Промоција, заштита и почитување на правата на ЛГБТИ луѓето
- Менување на социјалниот и правниот статус на ЛГБТИ луѓето во Македонија
- Зголемување на видливоста на ЛГБТИ заедницата
- Сензибилизација на надлежните институции и општата јавност
- Отпор на патријархалните и хетеронормативни концепти
- Јакнење на капацитетите на ЛГБТИ популацијата за самозастапување
- Мониторинг на постојната легислатива, нејзиното извршување и пракса.
- Градење на мрежи на организации, неформални групи и активисти на национално и меѓународно ниво

## УСЛУГИ КОИ ГИ ОБЕЗБЕДУВА ЛГБТИ ЦЕНТАРОТ

- Бесплатна правна помош
- Психо-социјална поддршка на ЛГБТИ лица
- Мониторинг, известување, застапување и лобирање пред домашни и меѓународни институции
- Организирање групи за поддршка
- Организирање социјални активности
- Обезбедување на престој за ЛГБТИ лица, жртви на насилство и дискриминација
- Организирање обуки, дебати и семинари

## КАДЕ ДА СЕ ОБРАТИТЕ ЗА ПОМОШ?

Во канцеларијата на ЛГБТИ Центарот/Хелсиншки комитет за човекови права

Или на бесплатната телефонска линија

**0800 666 66**